ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 14-140/2**

**Дата: 10.03.2014**

**ДО**
**ВМРО – ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА**
**СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност (сметка за редовно работење) на ВМРО – Демократска партија Скопје (во понатамошниот текст ВМРО - ДП) за 2012 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ВМРО - ДП, за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

За финансиските извештаи на ВМРО ДП за 2012 година изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2012 година ревизијата констатира дака:

- Годишната сметка не е објавена (на ден 03.12.2013 година извршено е објавување на Годишната сметка на веб страната на политичката партијата) на веб страната на политичката партија;
- отсуство на податоци за уредување на меѓусебните права и обврски со правните субјекти/физичките лица каде партијата користи деловен простор.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости во делот на:

- отсуство на пропишан подзаконски акт за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на донации;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации и
- отсуство на изработени пречистени текстови на закони.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Извршивме обелоденување за неостварени приходи од наплатени средства на име членарини.

На ден 29.01.2014 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-1086/3 од 31.12.2013 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 11 до 13) заедно со ревизија на усогласеност (сметка за редовно работење на ВМРО - ДП за 2012 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, Преглед на промени на капиталот и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на ВМРО - ДП Скопје за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Владимир Голубовски – претседател на партијата од 08.06.1991 г.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на ВМРО – ДП се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 05.11.2013 до 07.11.2013 кај ВМРО - ДП од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 03.12.2013 година.
На ден 29.01.2014 година примени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 14-1086/3 од 31.12.2013 година.
Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат значајни елементи за суштинска промена на утврдените состојби во нацрт извештајот, односно дел од доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби и воедно не се доставени нови докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби.
Текстот на забелешките по нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Со одредбите на член 26 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено дека Годишната сметка за финансиското работење, политичката партија е должна да ја објави на веб страницата на политичката партија. На ревизијата и се презентирани докази дека на веб страната на партијата е објавен Финансискиот извештај за 2012 година, и регистарот на донации но не и Годишната сметка. Наведената состојба влијае на можноста до пристап на информациите кои ги дава истата од страна на заинтересираните страни.
По препорака на ревизијата Годишната сметка на ВМРО ДП на ден 03.12.2013 е објавена на веб страната на партијата, поради што за утврдената состојба ревизијата не дава препорака.

3.1.2. Согласно статутарните одредби, партијата е организирана врз основа на територијалниот принцип. Во рамките на територијалната организираност на Партијата на општинско, градско и републичко ниво, со одлука на надлежните органи, можаат да се организираат интересни облици на организирање на членството (активни, секции, клубови) и акциони облици

на дејствување на месните организации. Членството е организирано во: месни организации, општински организации, градска организација на Скопје и републичка организација. Врз основа на статутарните одредби Централниот Комитет на ден 10.12.2011 има донесено одлука за докопмлетирање на членовите на општинските организации на партијата во Куманово, Штип, Свети Николе, Кочани, Радовиш и Струмица. Со извршениот увид на деловните книги ревизијата утврди дека, партијата не поседува градежни објекти во нивна сопственост. На ревизијата не и се презентирани податоци за начинот на уредување на меѓусебните права и обврски со правните субјекти/физичките лица каде партијата користи деловен простор со што се врши оневозможување на потврдување на вкупните трошоци во случаите каде што партијата користи деловен простор со надомест или за приходите на име донација во случаите каде што партијата користи објект без надомест.

**Препорака**

Надлежните органи на партијата да донесат соодветен акт со кој ќе се уреди потребата за користење на деловен простор и да пристапат кон уредување на меѓусебните права и обврски со правните/физичките лица, сопственици на деловен простор.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесеното во наодот во точката 3.1.2., чије влијание се одрази врз издаденото мислење од страна на ревизијата се оденсува на непостоење на доволно докази за потврдување на бројот, седиштата и начинот на користење (со или без надомест) на објектите наменети за сместување на организационите облици на ВМРО – ДП.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење – за финансиски извештај

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.1.2. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите матерјални аспекти, финансиската состојба на ВМРО – Демократска Партија на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење - за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1. активностите, финансиските трансакации и информациите рефлектирани во финансиските извештаи на ВМРО – Демократска Партија, во сите матерјални аспекти, се во согласност со ревелантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Системски слабости

5.1. Согласно одредбите на член 17 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 76/04; 86/08; 161/08; 96/09; 148/11; 142/12 и 23/13), политичките партии се задолжени да водат регистар на донации и истиот да го објават на својата веб страна на секои шест месеци за изминатиот шестмесечен период во рок од 15 дена од денот на истекот на шестмесечниот период или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста. Со став четири од наведениот член е уредено дека „Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник од страна на министерот за финансии. Со правилникот се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации. Правилникот се донесува во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон[1]„.

До денот на известувањето за извршената ревизија наведениот правилник не е донесен од страна на надлежниот министер.

Ревизијата истакнува дека со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ број 142/12) наведениот член 17 има претрпено измени во делот на содржината на регистарот на донации и начинот на објавување на истиот. Во исто време во член 27-б предвидени се прекршочни одредби за запирање (суспендирање) на исплатата на средствата за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија за политичката партија која нема да ги објави податоците за донациите примени во текот на годината согласно со членот 17 од законот и кое ќе трае до уредно исполнување на обврските согласно истиот член. Утврдената состојба влијае на остварување на правото на политичките партии за редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија во тековниот и наредниот период.

[1] Законот за финансирање на политичките партии влегува во сила на ден 03.11.2004 година, со тоа што наведениот правилник било потребно да биде донесен најкасно до 03.05.2005 година;

За надминување на утврдената состојба потребно е надлежниот министер да преземе активности за пропишување на наведениот правилник и негово објавување во Службен весник на Република Македонија.

5.2. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003 и 17/2011) и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011) уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции[2]“. Со извршениот увид во: Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/05; 11/06) и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации („Службен весник на Република Македонија“ број 117/2005), ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции[3] кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа“. За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе

[2] Приходите на непрофитните организации, се сметаат како расположливи кога се остварени (наплатени) во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или остварени (наплатени) во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 јануари во наредната година под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.
Расходите на непрофитните организации се признаваат во пресметковниот период во кој што настанале, односно до 31 декември во тековната деловна година доколку се платени во пресметковниот период на кој се однесуваат, односно до 31 декември во тековната деловна година или платени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, односно до 31 јануари во наредната година под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

[3] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481-Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482-Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн.

обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции ".

5.3. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии („Службен весник на Република Македонија" број 76/2004, 5/2007, 8/2007; 5/2008 и 23/2013) вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија" број 57/2007 и 60/2007). Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија" број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на погоренаведените законски акти.

## 6. Нагласувања на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Во член 13 став 1 алинеа 1 и член 14 од Законот за финансирање на политичките партии наведени се приватните извори на финансирање на политичките партии помеѓу кои е финансирањето по основ на членарина, а под членарина се смета редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Врз основа на наведениот закон, во Статутот на ВМРО ДП, предвидено е обезбедување на финансиски средства и од партиска членарина. Со извршениот увид во деловните книги ревизијата утврди дека во годината предмет на ревизија не се искажани приходи од наплатени средства на име членарина и не е презентиран акт донесен од законскиот застапник со кој е извршено регулирање на висината и начинот на уплата на членарината. Ваквата состојба предизвикува намалени приходи на партијата и влијае врз извршувањето на активностите на партијата.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од членарини, подароци и донации и приходи од други извори | 552 | 530 |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 530 | - |
| **Вкупно приходи** | **1.082** | **530** |
| **Расходи** | | |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 207 | - |
| Други расходи | 8 | - |
| Пренесни средства | 0 | - |
| Капитални и други средства | 460 | - |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 1 | - |
| **Вкупно расходи** | **676** | - |
| **Нето вишок на приходи над расходи** | **406** | |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 411 | 530 |
| **Вкупно тековни средства** | 411 | 530 |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 392 | - |
| **Вкупно постојани средства** | 392 | - |
| **Вкупна актива** | 803 | 530 |
| **Пасива** | | |
| **Краткорочни обврски** | | |
| Добавувачи | 4 | - |
| **Вкупни краткорочни обврски** | 4 | - |
| **Извори на средства** | | |
| Деловен фонд | 392 | - |
| Нераспределен дел од вишокот на приходи - добивка | 407 | 530 |
| **Вкупно извори на средства** | 799 | 530 |
| **Вкупна пасива** | 803 | 530 |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Деловен фонд | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | - | - |
| **Зголемување по основ на:** | **460** | **460** |
| Набавка на постојани средства | 460 | **460** |
| **Намалување по основ на:** | **(68)** | **(68)** |
| Амортизација на постојани средства | (68) | **(68)** |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **392** | **392** |

ВМРО - ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА
бр. Сл.
27.01. 2014 год.
СКОПЈЕ

28.01.2014
14 140/1

**ДО**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**СКОПЈЕ**

ПРЕДМЕТ: Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор **Бр.14-1086/4 од 31.12.2013 година**

**Почитувани,**

Со овој поднесок Ве известуваме дека по препораките содржани во Менаџерскиот извештај **Бр.14-1086/4 од 31.12.2013 година** постапивме во целост, имено:

Во однос на **1. Финансиски извештаи – Биланс на состојба под 1.1.** извршивме исправка на амортизацијата и пресметка на ревалоризацијата за 2012 година и истите се прокнижени во 2013 година.

Постапувајќи по препораката под **1.2.** промените во 2013 година ги изразуваме во благајничкиот извештај и изработуваме каса прими и каса исплати за приливите и одливите на паричните средства.

Во однос на **2. Биланс на приходи и расходи, под 2.1.** за 2013 година склучивме договор со физичкото лице Елица Кланџевска како донатор на пол. партија од една страна и како обврзник на давање сметководствени услуги од друга страна.

Во однос на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор **Бр.14-1086/4 од 31.12.2013 година**, за прашањата изнесени во точките **3.1.2.** и **6.1.** имаме забелешки кои ја појаснуваат фактичката состојба и кои поаѓаат од специфичноста на реалниот инфраструктурен капацитет на помалите политички партии кој се остварува во законските рамки .

Препораката под **3.1.2.** не соодвестува со фактичката состојба, затоа што партијата не користи ниту еден деловен простор кај правен субјект/ физички лица со надомест или без надомест.
Во спротивно и самите во таква ситуација ќе ги уредевме меѓусебните права и обврски со сопствениците на таков деловен простор.

Партијата како помал политички субјект чие членство позначајно се анимира само за време на избори и која во изминатите 23 години користеше буџетски средства само во 2011 и 2012 година не може финансиски да си дозволи инфраструктурна подршка на своето политичко дејствување како големите политички партии. Од друга страна таква обврска, своите организациони делови да ги сместува во седишта не произлегува ниту од Законот за политички партии, ниту пак такво нешто содржат и нормативните акти на партијата.

Според Законот за политички партии, партијата има обврска само за адреса на седиште која се содржи во Одлуката за основање на политичката партија. Од 1992 година седиштето на партијата е на ул. Ѓуро Стругар 15а во Скопје. Во целиот период од 1992 до денес партијата е совесен држател на тој простор, врз кој има владение и за истиот не плаќа закуп. Оваа година е исполнет законскиот услов во соодветна постапка партијата да се стекне со право на сопственост со одржувачка.

Во Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за прашањата насловени **6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**, под **6.1.** веродостојно е констатирана фактичката состојба, дека партијата не обезбедува финансиски средства од партиска членарина која според Законот за финансирање на политичките партии е еден од наведените можни приватни извори за финансирање на партиите, и постапил исправно што не не задолжил со препорака, бидејќи проценката дали со наплата на чланарина опстојувањето на партијата ќе биде поизвесно, или понеизвесно (во контекст на социо-економскиот статус на членството), е законско и легитимно право на самата партија.

Ја поздравуваме објективноста во констатацијата содржана во **5. Системски слабости**, а особено делот под **5.3.** за неопходноста Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст за изменетите и дополнети закони.

Иако формално неможе да претставува оправдување за нашиот пропуст констатиран под **3.1.1.** сакам да верувате, дека доколку имаше пречистен текст на Законот за финансирање на политичките партии ќе ја исполневме и таа законска обврска.
За жал истата не ја исполниле (и се уште не ја исполнуваат !?) ниту големите политички партии кои имаат правни служби, а заради што со увид во нивните веб страници извлековме погрешен заклучок за обврската годишната сметка да се објави на веб страницата на партијата.

**Почитувани**, како партија за прв пат имавме искуство на ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеноста, и во оваа прилика како претседател на ВМРО-ДП сакам искрено да се заблагодарам на коректниот однос на сите службени лица со кои дојдовеме во контакт при самата ревизија, и на едукативните препораки и особено корисните совети кои ги добивме од ревизорскиот тим на двете работни средби.

Со почит,

27.01.2014 година

ВМРО-ДП (ВМРО-Демократска партија)
Претседател
Владимир Голубовски

ВМРО — ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА СКОПЈЕ

**Прилог**

**Одговор**
**на забелешки на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Законскиот застапник на политичката партија ВМРО – Демократска партија Скопје, на ден 29.01.2014 година достави забелешки по Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2012 година на политичката партија ВМРО-ДП, заведени во Државниот завод за ревизија под број 14-140/1.

Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатената забелешка на **точката 3.1.1.** од Нацрт извештајот, која се однесува на тоа дека на веб страната на партијата не е објавена Годишната сметка на партијата за 2012 година и истата по препорака на ревизијата е објавена, **претставува известување** за причините за утврдената состојба.

2. Упатената забелешка на **точката 3.1.2** од Нацрт извештајот, која се однесува на тоа дека не се презентирани податоци за начинот на уредување на меѓусебните права и обврски со правните субјекти/физичките лица каде партијата користи деловен простор со што се врши оневозможување на потврдување на вкупните трошоци во случаите каде што партијата користи деловен простор со надомест или за приходите на име донација во случаите каде што партијата користи објект без надомест, **не се прифаќа.** Согласно статутарните одредби партијата е организирана врз основа на територијалниот принцип. Во рамките на територијалната организираност на Партијата на општинско, градско и републичко ниво, со одлука на надлежните органи, можат да се организираат интересни облици на организирање на членството (активни, секции, клубови) и акциони облици на дејствување на месните организации. Членството е организирано во: месни организации, општински организации, градска организација на Скопје и републичка организација.
   Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави други докази со кои ќе ја оспори или преиначи утврдената состојба.

3. Упатената забелешка на **точката 6.1.** од Нацрт извештајот, која се однесува на извршеното обелоденување во делот на наплатата на приходите на име членарина од членовите на политичката партија **претставува известување** за сопствените видувања на законскиот застапник за начинот на прибирање на приходи по овој основ.

Скопје, 06.03..2014 година

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор